ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 38 ДАТА 09.09.2022 ГОДИНА 40

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 38 ДАТА 09.09.2022г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА БАЗИЧЕН ФУДБАЛ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ЖЕНСКИ ФУДБАЛ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2022/2023 ГОДИНА

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС**
**Дополнување на седница од**
**06.09.2022 Година**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „БОРЕЦ 1919„ АД Велес: Спиридовонов Давид од Фудбалски клуб „Брегалница 2008„ АД од Штип и Буковски Александар од ФК „КУЛ Здравје„ од Скопје, по чл. 35/3.
ЖФК „БОРЕЦ„ Велес: Накова Јоана од ЖФК „СЦ Истатов 2015„ Скопје,Вишничка Сара од ЖФК „Кул Здравје„, по член 35/3.
КМФ „КЕГИ МОБИ„ Велес: Спиридонов Давид, Тахировиќ Един, по член 35/1.
Ивица Мацкиновски, Алексовски Дарко од КМФ „Астибо„ од Штип, Крстевсски Филип од КМФ Железарец„ од Скопје, по член 35/3.
ФК „АКАДЕМИЈА НАЦЕВ„ Велес: Ранготов Петар, по члчен 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП**
**Дополнување на седница од**
**06.09.2022 година**
***Регистрации кои не се објавуаат:**

Не се објавуа регистрацијата на фудбалерот Амо Овие Ерик од Фејнорд Јоутх ФК за Фудбалскииот клуб „Победа„ АД од Прилеп по член 35/11 поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал за време од 2 (две) години, до ЛПР 2024 година.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА**
**Седница од 06.09.2022 година**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТРУГА ТРИМ ЛУМ„ АД Струга. Шеи Елмаз од Фудбалски клуб „Велешта„ од с. Велешта, Хоџа Арбер, Елмази Ардиан од Фудбалски клуб „Јнаг Тим„ Струга, по чл. 35/3.
ФК „ЈАНГ ТИМ„ Струга: Малески Петар од Фудбалски клуб "Воска Спорт„ Охрид, по чл. 35/2.
Трпоски Марио од Фудбалски клуб „Македонија„ од с. Враништа, Павлески Разме , Бунчески Зоран од ФК„Дебарца„с.Белчишта,Велоклењоски Даниел од Фудбалски клуб „Караорман од Струга, Дехар Мервин од ФК Фудбалски клуб „Струга Трим Лум„ АД од Струга, по чл. 35/3.
ФК "ИЛТРАС КИДС„ Струга: Јованоски Анастас по член 35/1.
Матески Љубен од Фудбалски клуб „Карорман„ од Струга, по член 35/3.

***Бришење од регистер:**

Се бришат од евдиенција на регистрирани фудбалеи при Општинскиот фудбалски сојуз Струга, фудбалерите: Китановси Томе, Далипи Бесир од Фудбалскиот клуб „Стуга Трим Лум„ АД од Струга, Далипи Елион, Жута Елис, Рочи Албан, Жаку Лорент, Хоџа Димтир од Фудбалскиот клуб „Јнаг„ Тим„ од Струга, Наумоски Ристе, Крцоски Петар, Чорбески Кирил од Фудбалскиот клуб „Октиси Спорт„" од с. Октиси, Веселиноски Ардис, Рочи Блертон, Реџеп Таркан, од Фудбалскиот клуб „Белица„ од с. Д.Белица, поради прминување со регистрација на териротија на друг Општински Фудбалски Сојуз.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ**
**Седница од 06.09.2022 година**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „СЛОГА 1934„ Виница: Јованов Дарко од Фудбалски клуб „Борец 1919„ АД од Велес и Гичев Лазе од Градски фудбалски клуб „Осогово„ од Кочани, по чл. 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА**
**Дополнување на седница од**
**06.09.2022 година**

ФК „ПЕЛИСТЕР„ АД Битола: Китаноски Д. Томе од Фудбалскиот клуб „Струга Тим Лум„ АД од Струга, по член 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА**
**Седница од 06.09.2022 година**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „ДЕТОНИТ ПЛАЧКОВИЦА„ Радовиш: Божинов Т. Никола од Фудбалскиот клуб „Каменица Саса од Македонска Каменица, по член 35/3.

ЖФК „ПЛАЧКОВИЦА„ Радовиш: Карпузовска З. Данче од Женскиот фудбалски клбуб „Тиверија„ од Струмица, по член 35/3.

ФК „СПАРТМАНИ„ Гр. Балдовци: Спасов Т. Зоран, Асанов С. Манур, Мојсов Ј. Кристијан од Фудбалскиот клуб „Детонит Плачковица„ од Радовиш, по член 35/3.
Каракапелиев М. Гоце од Фудбалскиот клуб „Василево„ од Василево по член 35/2.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА**
**Седница од 06.09.2022 година**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЏОКЕР 2018„ с. Фурка: Геленчев Кристијан Тодоров Даниел, Миленковиќ Гордан, чл.35/1.
Никола Поп-димитров и Славе Димитров од ФК „Кожуф„ од Гевгелија и Костов Андреј и Керамитчиев Александар од Фудбалскиот клуб „Валандово-Вардар„ од Валандово, по член 35/3.

ФК „КОЖУФ„ Гевгелија: Лазаров Филип од Фудбалскиот клуб „Џокер 2018„ с. Фурка, по чл. 35/3.

ФК „ВАРДАРСКИ„ Богданци: Павиќ Драган, Ристов Мишо, Ралев Ѓорге, Ѓоргиев Јордан и Миовски Алексндар по член 35/1.
Шопчев Ѓорѓи од Фудблскиот клуб„Илинден„ од с. Раборво, Мингов Кристијан и Кралевски Мартин од Фудбалскиот клуб „Кожуф„ од Гевгелија, Карапуцев Дејан од Фудбалскиот клуб „Вардарски„ од Богданци, по член 35/2.
Георгиев Иван,Пеев Димитар,Карапуцев Григор,Стамнов Миле,Балиски Стефан, и Стојанов Адам од Фудбалскиот клуб „Дојранско Езеро„ Нов Дојран, Чавдаров Димитар и Кртелов Ристо од Фдбалскиот клуб „Кожуф„ Гевгелија, и Јованов Петар од Фубалскиот клуб „Зорбас-Победа„ од с. Мрзенци по член 35/3.

***Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат регистрциите на фубалерите: Коцев Стефан од Фудбалскиот клуб „Џокер„ 2018„ од с. Фурка за Фудбалскиот клуб „Вардарски„ од Богданци по член 35/3 бидејќи исписницата е преправана и Чакалов Благоја од Фудбалскиот клуб „Кожуф„ од Гевгелија за Фудбалскиот клуб „Вардарски„ од Богданци по член 35/3, бидејќи е применет при регистрацијата на фудбалерот погрешен член.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ**
**Седница од 06.09.2022 година**
***Регистрација на фудбалери:**

КМФ „КЛИМИ„ Кавадарци: Дарко Темелков од КМФ „Црна Река„ од с. Возарци, по член 35/3.
КМФ „ЦРНА РЕКА„ с. Возарци. Ѓорѓе Николовски од КМФ „Клими„ од Кавадарци, по член 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО**
**Седница од 06.09.2022 година**
***Регистрација на фубалери:**

ФК „ЧЕШВАЛ„ Валандово: Смиланов С. Александар од ФК „Бирлик„ по член 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРОБИШТИП**
**Седница од 06.09.2022 година**
***Регистрација на фудбалери:**

КМФ „ЦРЕШОВО ТОПЧЕ„ Пробиштип: Арсовски Горан од КМФ "Астибо„ од Штип, по член 35/3.
Михајлов Драган по чљњн 35/1.

**Дополнвуање на седница од**
**06.09.2022 година**
***Регисгтарција на фудбалери:**

ФК „РУДАР 1947„ Пробиштип: Јакимов Ковин од Фудбалскиот клуб „Силекс„ АД од Кратово, по член 35/3.
КМФ „ЦРЕШОВО ТОПЧЕ„ Пробиштип: Ивановски Ѓорѓи, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО**
**Дополнување на документација од**
**Седница од 02.09.2022 година**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК "СИЛЕКС„ АД Кратово: Николиќ В. Милош од Фудбалскиот клуб „Вршац„ од Вршац, од Република Србија, по член 35/11.

***Склучување на професионален договор:**

ФК „Силекс„ АД од Кратово и фудбалерот Милош Николиќ склучија професионален договор во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2023 година.

ФК „Силекс„ АД од Кратово и фудбалерот Емрули Ф. Амар случија професионален договор во времетраење од 4 (четири) години до Летен преоден рок 2026 година.

**Седница од 06.09.2022 година**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС„ АД Кратово: Манилов С. Јован и Авврановски С. Димитрија, по член 35/1.

***Регистрации кои не се објавуаат:**

Не се објавуа регистрацијата на фудбалерот Јакимовски Д. Андреј од Фудбалскиот клуб „Осогово„ од Крива Паланка по член 35/3 за Фудбалскиот клуб „Силекс„ АД од Картово, бидејќи нема оргинал исписница. (достасвено е копие од исписницата).

Не се објавуаат регистрациите на фудбалерите: Спасовски Б. Стефан и Душанов Н. Ален од Фудбалскиот клуб „Рудар„ од Пробиштип по член 35/3 за Фудбалскиот клуб „Силекс„ АД Кратово бидејќи при регистрацијата на фудбалерот применет е погрешен член.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „КИСЕЛА ВОДА„ СКОПЈЕ**
**Дополнување на седница од**
**06.09.2022 година**
***Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „ИСТАТОВ 2015„ Скопје: Димишковска В. Ангелина од Женски фудбалски клуб „Кул Здравје„ од Скопје, по член 35/3.

ФК „КУЛ ЗДРАВЈЕ„ Скопје: Угреновиќ Д. Драган од Фудбалски клуб „Илинден„ од Скопје, Јовановски З. Дамјан од Фудбалски клуб „Академија Нацев„ од Велес, по член 35/3.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ**
**Седница од 06.09.2022 година**
***Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКУПИ 1927„ АД Скопје: Младеновски Марио од Фудбалскиот клуб „Ботев„ од Пловдив, од Република Бугарија, Ардит Несими од Данска, по член 35/11.

ФК „БАШКИМИ ЉУБОТЕН„ Скопје: Флорим Дема од Фудбалскиот клуб „ Башкими Љуботен„ од Скопје,по член 35/2.

ФК „РИНИА 98„ с. Свиларе: Харис Мемедовски од Фудбалскиот клуб „Шкупи 1927„ АД од Скопје, Харис Азизи од Фудбалскиот клуб „Скопје„ АД од Скопје, по член 35/3.

ФК „ПАРК„ Скопје: Крајчиновиќ Милош од Фудбалскиот клуб „Кул Здравје„ од Скопје, Зиков Дима од Фудбалскиот клуб „Аеродром„ од Скопје, по член 35/3.

ФК „АКАДЕМИЈА 8„ Скопје: Шулевски Давор, Димитровски Димитар, Ристовски Павел, Зарев Петар,Дојчиновски Давид, Стојчевски Матеј, Димитровски Давор, Хаџиу Зирап, Крстев Андреј, Крстев Алек и Пачески Никола, по член 35/1.
Димовски Борјан, Димовски Горјан од Фудбалскиот клуб „Карпошово„ Скопје, по член 35/3.

ФК „БУТЕЛ 2017“ Скопје:Горанчиќ Давид, Атанасов Борјан,Јаховиќ Хајрдин,Ников Николај, Томовски Филип, Јосифовски Јаков, Георгиевски Витан, Пирковски Јован, Вучевски Александар, Спасовски Јаков, Михајловски Илија, Јакимов Лука, по член 35/1.

***Склучување на професионални договори:**

Фудблскиот клуб „Шкупи 1927„ од Скопје и фудбалерот Младеновски Марио склчија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години, до Летен преоден рок 2024 година.

Фудбалскиот клуб „ „Шкупи 1927„ АД од Скопје ио фудбалерот Ардит Несими склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 3 (три) години, до Летен преоден рок 2025 година.

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 01.09.2022 година донесе:

# О Д Л У К А

1. ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ АД - Струга се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје**.

3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.

4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило наФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМврз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 5 коло на Прва МФЛ 22/23 помеѓу, ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ АД - ФК СИЛЕКС АД, ја констатира следната фактичка состојба: Дарко Илиески со ИД 105206 фудбалер на ФК Струга Трим Лум АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт-црвен картон (прв во 64 мин недозволен старт и втор во 74 мин недозволен старт) во рамки на натпревар од 5.коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ФК Струга Трим Лум -ФК Силекс одигран на 31.08.2022 година во Струга .

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК СТРУГА-ТРИМ-ЛУМ АД - Струга
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседавач

Игор Франгоски с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA SKOPJE СКОПЈЕ

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Број: 15-2125/1**

**Прва МФЛ: 2022 - 2023**

**Скопје: 06.09.2022 Година**

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 06.09.2022 година донесе:

# О Д Л У К А

1. ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје**.

3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.

4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило наФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМврз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 6 коло на Прва МФЛ 22/23 помеѓу, ФК БРЕГАЛНИЦА 2008 АД - ФК ШКУПИ-1927 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Адетуњи Сандеј Дамиларе со ИД 250395 фудбалер на ФК Шкупи 1927 АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен црвен картон (32 минута од натпревар поради груба игра) во рамки на 6. Коло на Прва МФЛ на натпревар помеѓу ФК Брегалница 2008 АД-ФК Шкупи 1927 АД одигран на 04.09.2022 година во Штип.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседавач

Игор Франговски с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА * SKOPJE * СКОПЈЕ

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Број: 15-2150/1**

**Прва МФЛ: 2022 - 2023**

**Скопје: 09.09.2022 Година**

---

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 09.09.2022 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје**.

3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.

4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило наФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМврз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 1 коло на Прва МФЛ 22/23 помеѓу, ГФК Тиквеш 1930 АД Кавадарци - ФК ШКУПИ- 1927 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Хамди Валид со ИД 250066 фудбалер на ФК Шкупи 1927 АД се предава на ДК на ФФМ поради добиен втор жолт-црвен картон ( прв во 35 мин недозволен старт и втор во 47 мин недозволен старт ) во рамки на натпревар од 1 коло на Прва МФЛ помеѓу екипите на ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци- ФК Шкупи 1927 АД одигран на 07.09.2022 година во Кавадарци .

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје
- Сметководството наФФМ
- Архивата наФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседавач

Игор Франгоски с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 34-2129/1
06.09.2022 год.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Датум : **06 .09. 2022 година**

**Врз основа на член 40, а во врска со член 39 став 2 од Пропозици за за натпреварување во Детски фудбал за 2022 година во организација на Фудбалската Федерација на Македонија, Комисијата за базичен фудбал на ФФМ, постапувајќи по службена должност, на седницата одржана на ден 06.09.2022 година донесе:**

***О Д Л У К А***

1. **СЕ УСВОЈУВААТ РАЗУЛТАТИТЕ ВО КАТЕГОРИИ НА НАТПРЕВАРУВАЊА ЗА ДЕЦА ОД 12 ГОДИНИ, 11 ГОДИНИ, 10 ГОДИНИ, 9 ГОДИНИ, 8 ГОДИНИ И 7 ГОДИНИ, ПОСТИГНАТИ НА ФИНАЛНИОТ ТУРНИР ОДИГРАН НА 03-05.06.2022 ВО СКОПЈЕ, ВО НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ДЕТСКИ ФУДБАЛ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА.**

2. **ЗА ПРВАЦИ ПО КАТЕГОРИИ СЕ ПРОГЛАСУВААТ ЕКИПИТЕ КАКО ШТО СЛЕДИ:**

**Категорија натпреварување за деца од 12 години – ФК Грозданоски**
**Категорија натпреварување за деца од 11 години – ФК Македонија Ѓ.П.**
**Категорија натпреварување за деца од 10 години – Јанг Тим**
**Категорија натпреварување за деца од 9 години – ФК Форца**
**Категорија натпреварување за деца од 8 години – ФК Грозданоски**
**Категорија натпреварување за деца од 7 години – ФК Форца**

3. **ОДЛУКАТА ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФФМ – МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за базичен фудбал на ФФМ, по разгледување на целокупната документација како и резултатите од одиграните натпревари во категории на натпреварување за деца од 12, 11, 10, 9, 8 и 7 години одиграни на ден 03.06.2022, 04.06.2022 и 05.06.2022 година, заклучи дека прваци во конкуренции на натпреварување за деца од 12,11, 10, 9, 8 и 7 години се екипите наведени во точка 2.

При вака утврдената состојба и погоренаведеното, а со примена на одредбите на Пропозици за за натпреварување во Детски фудбал за Натпреварувачката 2022 година, Комисијата за базичен фудбал донесе Одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Архива
- Макфудбал

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Комисија за базичен фудбал
Претседавач
Марјанчо Стојкоски

Дисциплинска Комисија

*Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а во врска со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач, Дејан Бошков–член, Сашка Зердеска-член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-2125/1 против Адетуњи Сандеј Дамиларе со ИД 250395 фудбалер на Ф.К.Шкупи 1927 АД исклучен од натпреварот Ф.К.Брегалница 2008 АД-Ф.К.Шкупи 1927 АД одигран на ден 04.09.2022 година во рамки на 6 коло од Прва МФЛ на стадион во Штип поради добиен директен црвен картон, врз основа на член 40 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 09.09.2022 година ја донесе следната:*

## *О Д Л У К А*

1. *На Адетуњи Сандеј Дамиларе со ИД 250395 фудбалер на Ф.К.Шкупи 1927 АД исклучен од натпреварот Ф.К.Брегалница 2008 АД-Ф.К.Шкупи 1927 АД одигран на ден 04.09.2022 година во рамки на 6 коло од Прва МФЛ на стадион во Штип поради добиен директен црвен картон,* ***СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (две) првенствени/куп натпревари.***

2. *Дисциплинската мерка тече 05.09.2022 година.*

3. *Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.*

### ***О б р а з л о ж е н и е***

*Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр.15-2125/1 против Адетуњи Сандеј Дамиларе со ИД 250395 фудбалер на Ф.К.Шкупи 1927 АД исклучен од натпреварот Ф.К.Брегалница 2008 АД-Ф.К.Шкупи 1927 АД одигран на ден 04.09.2022 година во рамки на 6 коло од Прва МФЛ на стадион во Штип поради добиен директен црвен картон, ги разгледа списите во предметот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, и ја утврди следната фактичка состојба:*
*На ден 04.09.2022 година е одигран натпреварот во рамки на 6 коло од Прва МФЛ помеѓу екипите ФК Брегалница 2008 АД-ФК Шкупи 1927 АД на Стадионот во Штип. Во 32 минута од натпреварот на играчот* ***Адетуњи Сандеј Дамиларе со ИД 250395 фудбалер на Ф.К.Шкупи 1927 АД*** *му е доделен директен-црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот поради груба игра.*
*Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности констатира дека пријавениот сторил прекршок утврден во член 40 ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.*

***Дисциплинска Комисија***
***Претседавач***
***Арбен Борова***

***ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.***

***ДН:***
***Ф.К.ШКУПИ 1927 АД***
***АРХИВА НА ФФМ***
***МАКФУДБАЛ***

Деловоден број 08-2149/2

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ

за КУП натпреварување во женски фудбал за натпреварувачката 2022/2023 година

Скопје, август 2022 година

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со член 15 став 2 од Правилникот за натпревари, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 24.08.2022 година, донесе:

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1993/9
24.08 2022 год.

# ПРОПОЗИЦИИ
## ЗА КУП НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2022/2023 ГОДИНА

**Член 1**

Фудбалскиот куп во женски фудбал е редовно натпреварување на ФФМ.

Во фудбалскиот куп учествуваат сениорските екипи вклучени во системот за натпреварување во Првата и Втората женска фудбалска лига на Фудбалската Федерација на Македонија(во понатамошниот текст и Прва и Втора ЖФЛ).

Во куп натпреварувњето може да учествуваат и други клубови под услов да имаат формирано екипа со која можат да се натпреваруваат согласно овие пропозиции.

Под фудбалер во рамките на овие Пропозиции се подразбира играч од женски род кој учествува во куп натпреварувањето во женски фудбал.

### Организација на натпревар и службени лица

**Член 2**

За организација на натпревар во куп натпреварувањето одговорен е клубот домаќин.

Секој клуб домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар согласно Правилникот за натпревари на ФФМ и соодветните пропозиции на учесниците во квалификациите; за клубовите кои немаат сениорска женска екипа вклучена во тековното првенство важат Пропозициите за Втора ЖФЛ.

Клубовите учесници во втората фаза од натпреварувањето, од осмина финале до финале куп натпреварите ги организираат во согласност со Правилникот за натпревари на ФФМ и одредбите за организирање на натпревар од Пропозициите за Прва ЖФЛ.

Клубот домаќин и клубот гостин имаат обврска да се придржуваат на Протоколот за спроведување на мерки за заштита од "Covid-19" или друг предизвикувач доколку таков Протокол е пропишан од надлежен државен орган.

Клубовите учесници во куп натпреварувањето имаат обврска да се грижат за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварот согласно Правилникот за безбедност на ФФМ.

За пропусти во организацијата клубот домаќин одговара согласно одредбите на Правилникот за натпревари , Дисциплинскиот правилник на ФФМ и Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

**Член 3**

Комисијата за женски фудбал на ФФМ согласно овластувањата од Управниот Одбор на ФФМ го определува бројот на екипите и го раководи куп натпреварувањето на територијата на Република Македонија.

**Член 4**

Службените лица на куп натпреварувањето ги определуваат Комисијата за женски фудбал и Судискиот одбор на ФФМ.

Службените лица на финалниот куп натпревар ги определуваат Комисијата за женски фудбал , Судискиот одбор на ФФМ и Управниот одбор на ФФМ.

Правата и обврските на службените лица на натпреварите се утврдени во Правилникот за натпревари на ФФМ и Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

**Член 5**

Клубот за предметниот куп натпревар во согласност со Пропозициите за првенствено натпреварување одредува службени лица на клубот (претставник, шеф на стручен штаб, тренер, пом.тренер,лекар, физиотерапевт); за клубовите кои не се натпреваруваат со сениорска екипа во Прва или Втора ЖФЛ, важат одредбите утврдени во Пропозициите за Втора ЖФЛ.

**Право на настап**

**Член 6**

На куп натпреварите од женски фудбал , фудбалерите го стекнуваат правото на настап согласно Правилникот за регистрација,статус и трансфер на фубалери на ФФМ во согласност со Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

**Член 7**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен бојата на дресови да ја промени.

Гостинската екипа должна е да носи два пара дресови со различна боја. Доколку гостинската екипа не носи два пара дресови или и двете бои на дресовите на одговараат за одигрување на натпреварот, домаќинот е должен на гостинската екипа да и даде на располагање еден пар дресови со различна боја од онаа во која што ќе настапува домашната екипа (во присуство на делегатот на натпреварот)

Дресовите од претходниот став по завршувањето на натпреварот, гостинската екипа е должна да ги врати во онолкав број во кој што ги добила од домашната екипа.

**Член 8**

Во натпреварувачката 2022/23 согласно правилата на игра на ИФАБ (IFAB) секоја екипа има право на замена на пет наместо на три фудбалери.

Замените на фудбалерите може да се вршат во најмногу три наврати за секоја екипа, замената направена на полувреме не влегува во споменатите три наврати.

Независно дали се искористени сите замени или не се, за КУП натпреварувањето 2022/23 клубовите имаат право на уште една дополнителна замена кога е предвидено да се играат продолжетоци од 2x15минути.

Дополнителната замена може да се изврши во еден наврат, пред почеток на продолжувањето или во паузата на продолжувањето.

**Прекршоци, дисциплински мерки и право на жалба**

**Член 9**

За пропусти, прекршоци и непочитување на обврските поврзани со организација и тек на натпревар за кои е предвидена автоматска казна соодветно се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари и Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

За дисциплинските прекршоци предвидени во Дисциплинскиот правилник како и непочитување на обврските кои произлегуваат од овие и другите поврзани пропозиции соодветно се применуваат одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 10**

Во врска со постапката, роковите и правото на жалба се применуваат одредбите од Пропозициите за натпреварување во Прва женска фудбалска лига.

**Член 11**

Добиените жолти картони во текот на куп натпреварувањето се издржуваат само во куп натпреварувањето.

После секоја трета јавна опомена, фудбалерот и/или службеното лице на клубот последователно на наредниот куп натпревар издржува автоматска казна забрана на играње на еден натпревар.

За секоја јавна опомена се плаќа автоматска парична казна.

**Член 12**

Автоматските парични казни се изрекуваат согласно одредбите на Пропозициите за натпреварување во Првата женска лига.

Фудбалерите и/или службените лица на клубот кои учествуваат во финалниот куп натпревар имаат право на настап на финалниот куп натпревар независно од бројот на претходно добиените жолти картони.

Добиениот црвен картон важи во првенствените натпревари и во куп натпреварувањето.

**КУП Натпреварување - сезона 2022/2023**

**Член 13**

Натпреварувачките парови за куп натпреварите во женскиот фудбал се извлекуваат по пат на ждреб, при што извлекувањето на броевите на екипите е по азбучен ред на истите.

Домаќин е клубот со помалиот натпреварувачки број.

Екипата која била домаќин во претходно одиграниот круг, станува гостин во наредниот круг на натпревари, независно од позицијата при влечење на натпреварувачкиот пар.

Доколку и двете екипи во натпреварувачкиот пар во претходниот круг биле домаќини или и двете биле гости, екипата извлечена со ждребот како домаќин останува домаќин.

**Член 14**

Куп натпреварите се играат 2 x 45 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

Натпреварите се играат по еднострук КУП систем односно еден натпревар до финале.

Во случај на идентичен резултат (нерешен) заради добивање на победник на сите натпревари се до финалниот натпревар по завршување на второто полувреме се преминува на изведување пенали според упатството на меѓународниот борд за добивање на победник.

**Член 15**

Куп натпреварувањето во сезона 2022/2023 се организира во два дела:

- квалификации до осмина финале во зависност од бројот на пријавени екипи;
- натпревари од осмина финале до/и финалниот натпревар.

Во **квалификациите до осмина финале** учествуваат:

- задолжително, екипите кои во натпреварувачката 2021/22 оствариле пласман од 1-4 место на конечната табела од Втора ЖФЛ;
- екипите од Втора ЖФЛ кои во натпреварувачката 2021/22 се натпреварувале , оствариле пласман на конечната табела на, и по 5 место и не се откажале од натпреварување.
-новопријавени екипи во Втора ЖФЛ сезона 2022/23;
-новопријавени екипи од став 3 на член 1;

Доколку вкупниот број на екипите кои се вклучуваат во квалификации (задолжително и по пријава) е помал од 8 а поголем од 4 во натпреварувањето задолжително се вклучуваат до вкупно 8 екипи, по следниот редослед:

-останатите рангирани екипи од Втора ЖФЛ ,
-новопријавени екипи во Втора ЖФЛ,
-екипи од став 3 на член 1

Доколку вкупниот број на екипите кои се вклучуваат (задолжително и по пријава) е поголем од 8, квалификациите се организираат преку диригиран ждреб со предност за екипите од Втора ЖФЛ се до добивање на 4 победници.

**Член 16**

Екипите рангирани од 1- 12 место на конечната табела на Прва ЖФЛ во натпреварувачката 2021/22(сите екипи) задолжително учествуваат во куп натпреварувањето и директно се вклучуваат во 1/8 финалето.

Победниците од квалификациите (4) заедно со екипите од Прва ЖФЛ рангирани од 1-12 место на конечната табела во натпреварувачката 2021/22 учествуваат во 1/8 финале на купот.

Победниците во осминафиналните натпревари се пласираат во четврт финале.

**Член 17**

Победниците во ¼ финалните натпревари се пласираат во полуфинале.

Натпреварувачките парови за полуфиналните натпревари се извлекуваат по пат на ждреб.

Во полуфиналето се игра по еднострук КУП систем односно по еден натпревар.

Победниците од двата полуфинални натпревари учествуваат во финалниот натпревар.

**Член 18**

Финалниот натпревар е во организација на ФФМ.

Заради утврдување на позиција домаќин – гостин по пат на жреб се извлекува натпреварувачкиот пар, извлекувањето на броевите е по азбучен ред на екипите учесници во финалето.

Домаќин е екипата која ќе го извлече натпреварувачкиот број 1.

**Член 19**

Местото и датумот на одигрување на финалниот натпревар го одредува ФФМ.

Во случај на нерешен резултат се игра продолжение од 2 x 15 минути. Ако и по продолжението, натпреварот заврши нерешено се поминува кон изведување на пенали според упатството на меѓународниот борд за добивање победник.

**Член 20**

Победникот во финалето на купот во женски фудбал го освојува пехарот.

Фудбалерите на двете екипи, стручните штабови, претставниците, судиите и делегатот на финалниот натпревар добиваат соодветни медали од ФФМ.

**Член 21**

За се што не е предвидено со овие Пропозиции ке се применуваат одредбите на Правилникот за натпревари на ФФМ и останатите правилници и прописи на ФФМ.

Толкување на овие Пропозиции дава УО на ФФМ.

Скопје, 24.08.2022 година

**Претседател на ФФМ**
Муамед Сејдини

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: www.ffm.com.mk
Е -маил: ffm@ffm.com.mk